**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ**
**И НАУКА**
**ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ**

# ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТАТА

**- работна верзија -**

**Скопје, 2009 година**

# Министерство за образование и наука
## Државен просветен инспекторат

## Благодарност

Би сакале да ја искажеме нашата искрена благодарност до професионалниот кадар во воспитно образовните установи во Република Македонија кои на располагање ни го ставија своето знаење и искуство и кои дадоа огромен придонес во изработката на индикаторите за квалитет на работата на училиштата. Благодароност до Бирото за развој на образованието, проф. д-р Виолета Петровска Бешка, м-р Горица Мицковска и г-ѓа Изобел МекГрегор, Просветен инспекторат на Шкотска, за нивното стручно мислење и поддршка во процесот на изработка на овој документ.

## Работна група

Антониела Стојаноска, Државен просветен инспектор
Вера Кондиќ Митковска, Виш раководител на програми, Светско учење
Георге Николов, Советник на Министерот за образование и наука
Диме Атанасовски, Државен просветен инспектор
Јорда Јаковлевска, Државен просветен инспектор
Маја Петковска, Виш координатор на програми, Светско учење
Митре Шуминоски, Државен просветен инспектор
Џелал Беџети, Државен просветен инспектор
Шабедин Љачи, Државен просветен инспектор

Овој документ е подготвен од страна на Државниот просветен инспекторат во соработка со Програмата на УСАИД за човеков и институционален развој со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД).
Мислењата изразени во овој документ им припаѓаат на авторите и на ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ...... 4

ПРЕГЛЕД НА ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ НА УСПЕШНОСТА НА РАБОТЕЊЕТО НА УЧИЛИШТАТА ...... 6

Подрачје 1:Наставни планови и програми ...... 8

Подрачје 2: Постигања на учениците ...... 12

Подрачје 3: Учење и настава ...... 16

Подрачје 4. Поддршка на учениците ...... 24

Подрачје 5. Училишна клима и односи во училиштето ...... 30

Подрачје 6. Ресурси ...... 36

Подрачје 7. Управување, раководење и креирање политика ...... 42

Опис на мерила ...... 46

# ПРЕДГОВОР

Министерството за образование и наука води постојана грижа за подобрување на квалитетот на образованието и постигањата на учениците во Република Македонија. Еден значаен сегмент за дијагностицирање на конкретните состојби е имањето на стандардизирани објективни индикатори за мерење на нивото на тој квалитет. За таа цел, Државниот просветен инспекторат, во соработка со меѓународни и локални експерти, а со поддршка на Програмата на УСАИД за човеков и институционален развој, изготви Индикатори за квалитет на работата на училиштата. Целта и намената на овие индикатори е да овозможат прецизен увид во работата на образовните институции и да дадат препораки за подобрување.

Во овој документ се разработени и соодветно опишани индикатори за мерење на квалитетот на работата на училиштата. Државниот просветен инспекторат ги креираше индикаторите земајќи ја предвид добрата пракса што постои во училиштата. Индикаторите за мерење на квалитетот на работата на училиштата ќе им помогнат на директорите и наставниците, преку самоевалуацијата, и на државните просветни инспектори, преку интегралната евалуација, во проценка на ефективноста на училиштата.
Меѓу другото, овие индикатори се однесуваат на низа фактори што влијаат на дејноста на училиштата со цел да се:

- процени квалитетот на работа на училиштето врз основа на однапред дефинирани критериуми;
- идентификуваат областите за кои е потребно дополнително подобрување;
- оспособи раководниот кадар да донесува издржани одлуки за одржување на јаките и надминување на слабите страни од работата на училиштето.

Индикаторите се организирани во седум клучни области (соодветни на рамката за самоевалуација и на интегралната евалуација) кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето:

1. Наставни планови и програми
2. Постигнувања на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима и односи во училиштето
6. Ресурси
7. Управување, раководење и креирање на политика

Секоја клучна област содржи одреден број на индикатори за квалитет.
Пример, подрачјето 3: **Учење и настава** ги содржи следните индикатори за квалитет:

3.1 Планирање на наставниците
3.2 Наставен процес
3.3 Искуства на учениците од учењето
3.4 Задоволување на образовните потреби на учениците
3.5 Оценување како дел од наставата
3.6 Известување за напредокот на учениците

Секој индикатор има одреден број на теми кои се однесуваат на одредена активност што се следи во училиштето.
Пример, индикаторот 3.3 **Искуства на учениците од учењето** ги содржи темите:

- Средина за учење
- Атмосфера за учење
- Охрабрување на учениците за преземање на одговорност
- Интеракција на учениците со другите

Темите се евалуираат на четири нивоа (*многу добро, добро, делумно задоволува* и *не задоволува*). Детално се опишани две нивоа (*многу добро* и *делумно задоволува*) и вклучуваат специфични илустрации кои имаат за цел да креираат заедничко разбирање за балансот меѓу јаките и слабите страни на училиштето.

- Со ***многу добро*** се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде преовладуваат јаките страни. Може да постојат мал број слаби страни, меѓутоа тие значително не влијаат на искуството што го имаат учениците во училиштето. Иако *многу добро* е највисок стандард, сепак тој стандард може да го постигне секое училиште. Тој укажува дека училиштето во тој аспект е добро и не треба да прави позначајни прилагодувања. Сепак, се очекува училиштето да продолжи да го одржува високото ниво на тој аспект и да ги користи сите можности и добри пракси што му се нудат за понатамошно подобрување.

- Со ***добро*** се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде постојат бројни јаки страни. Има слаби страни, но тие ниту поединечно ниту групно немаат значително негативно влијание на искуството што го имаат учениците во училиштето. Евалуацијата *добро* може да се даде под бројни околности. На пример, учењето и наставата се соодветни и како резултат на тоа искуството на учениците е позитивно, сепак може да се дојде до сознание дека на учениците не им се нуди доволно предизвик. Најчесто овој аспект се карактеризира со јаки страни, но има една или повеќе слаби страни кои влијаат на севкупниот квалитет на искуството што го имаат учениците.

- Со ***делумно задоволува*** се евалуираат аспекти од работата на училиштето кои имаат некои јаки страни, но имаат и значителни слаби страни кои влијаат на искуството на учениците. Во целина, кога се евалуира со *делумно задоволува*, тоа значи дека училиштето треба да преземе структурни и навремени активности за подобрување на состојбите. Евалуацијата *делумно задоволува* може да се даде под бројни околности. Може да постојат јаки страни, но, исто така, и слаби страни кои индивидуално или групно може да го нарушат квалитетот на работата на училиштето.

- Со ***не задоволува*** се евалуираат оние аспекти од работата на училиштето кога постојат значајни слаби страни за кои се потребни дополнителни активности од страна на училиштето. Искуството на учениците е загрозено во некои клучни аспекти. Во најголем број на случаи, наставата е оценета како незадоволителна и е потребна дополнителна поддршка од раководството во планирање и спроведување на соодветни активности за подобрување. Ова може да вклучува потреба од поддршка од искусни колеги од училиштето или надвор од него.

Постојат повеќе начини на кои може да се соберат докази за нивоата на квалитет: преку разговори со сите заинтересирани страни, разгледување на ресурсите и документацијата, директно набљудување и анализа на документи. Во продолжение на секој индикатор постои дел со извори на податоци од каде училиштата и инспекторите треба да ги црпат релевантни информации за секој индикатор.

Во целина, очекуваме овој документ да придонесе за понатамошни позитивни промени на состојбите во образованието во Република Македонија. Министерството за образование и наука и понатаму ќе го поддржува Државниот просветен инспекторат во периодично надградување и дополнување на овие индикатори врз основа на добрата пракса што постои во училиштата. Општата употребливост на индикаторите ќе овозможи континуирано партнерство на сите нивоа на образовниот систем што претставува дополнителна придобивка за сите инволвирани страни во образовниот процес.

г. Никола Тодоров, Министер
Министерство за образование и наука
на Република Македонија

# ПРЕГЛЕД НА ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТАТА

| **Подрачје бр. 1: Наставни планови и програми** | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
| **1.1** | Реализација на наставните планови и програми | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Реализација на проширени програми |
| **1.2** | Квалитет на наставните планови и програми | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>• Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми |
| **1.3** | Воннаставни активности | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |
| **Подрачје бр. 2: Постигања на учениците** | | |
| **Бр.** | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
| **2.1** | Постигања на учениците | • Следење на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) по наставни предмети и по квалификациони периоди<br>• Подобрување на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)<br>• Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава<br>• Следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование |
| **2.2** | Задржување/осипување на учениците | • Опфат на учениците<br>• Редовност во наставата<br>• Осипување на учениците<br>• Премин на ученици од едно училиште во друго |
| **2.3** | Повторување на учениците | • Ученици што не ја завршуваат годината |
| **Подрачје бр. 3: Учење и настава** | | |
| **Бр.** | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
| **3.1** | Планирања на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| **3.2** | Наставен процес | • Наставни форми и методи<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приодот на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |
| **3.3** | Искуства на учениците од учењето | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| **3.4** | Задоволување на потребите на учениците | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| **3.5** | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **3.6** | Известување за напредокот на учениците | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

| Подрачје бр. 4: Поддршка на учениците | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
| **4.1** | Севкупна грижа за учениците | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>• Грижа за ученици од социјално загрозени семејства |
| **4.2** | Здравје | • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за ученици со здравствени проблеми |
| **4.3** | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | • Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>• Грижа за ученици со емоционални потешкотии |
| **4.4** | Следење на напредокот | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

| Подрачје бр. 5: Училишна клима | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
| **5.1** | Училишна клима и односи во училиштето | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| **5.2** | Промовирање на постигањата | • Промовирање на личните постигања на учениците<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| **5.3** | Еднаквост и правичност | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| **5.4** | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со локалната заедница<br>• Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

| Подрачје бр. 6: Ресурси | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
| **6.1** | Сместување и просторни капацитети | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети |
| **6.2** | Наставни средства и материјали | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен материјал |
| **6.3** | Обезбедување на потребниот наставен кадар | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>• Ефективност и распоредување на кадарот<br>• Стручната служба како поддршка на наставниот кадар |
| **6.4** | Следење на развојните потреби на наставниот кадар | • Професионален развој на наставниците |
| **6.5** | Финансиско работење во училиштето | • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

| Подрачје бр. 7: Управување, раководење и креирање политика | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
| **7.1** | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето |
| **7.2** | Цели и креирање на училишната политика | • Јасност и соодветност на целите<br>• Процедури за креирање на училишната политика |
| **7.3** | Развојно планирање | • Цели на развојното планирање<br>• Професионален развој/стручно усовршување на кадарот<br>• Материјално-технички средства<br>• Инфраструктура |

# Подрачје 1: Наставни планови и програми

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| **1.1** | Реализација на наставните планови и програми | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Реализација на проширени програми |
| **1.2** | Квалитет на наставните планови и програми | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>• Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми |
| **1.3** | Воннаставни активности | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |

## 1.1 Реализација на наставните планови и програми

**Теми:**

- Применувани наставни планови и програми
- Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми
- Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби
- Избор на наставни предмети
- Реализација на проширени програми

**Многу добро**

- Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.
- Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни медиуми (начини) да ги информира членовите на Советот на родители и останатите родители, како и сите други кои бараат информација, за целите на наставните планови и програми што се реализираат.
- Училиштето преку формалните органи[1] планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми од наставници и родители и покренува иницијатива за нивно изменување и дополнување до Министерството за образование и наука, до Бирото за развој на образованието и/или до Центарот за стручно образование и обука.
- Училиштето има капацитети да ги прилагодува наставните програми по сите предмети според можностите на децата со посебни образовни потреби. Со сите  деца со посебни образовни потреби вклучени во редовната настава се работи според прилагодените наставни програми.
- Постојат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во наставните програми.
- Училиштето има разработени насоки за вградување на меѓупредметните цели[2] во сите наставни програми што ќе се реализираат. Наставниците ги почитуваат тие насоки.
- Училиштето нуди повеќе од три (3)  изборни предмети, според наставниот план и спецификите на локалната средина. Постапката за избор на наставни предмети,се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците.
- Училиштето реализира проширени програми почитувајќи ги можностите и потребите на учениците.

**Делумно задоволува**

- Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови и програми  се реализирани  во пропишаниот обем.
- Училиштето ги информира само родителите кои се членови на Советот на родители за целите на наставните планови и програми што се реализираат.
- Училиштето работи со децата со посебни образовни потреби вклучени во редовната настава по прилагодени наставни програми за дел од предметите.
- Постојат примери за интегрирање на особеностите на локалната средина во мал број наставни програми.
- Помал број од наставниците презема одговорност за реализација на меѓупредметните цели.
- Училиштето има воспоставено процедура за избор на предмети, но нуди помалку од три (3) изборни предмети од кои може да изберат учениците. Постапката за избор на наставни предмети не се применува доследно.
- Училиштето реализира проширени програми со кои не се опфатени сите ученици кои имаат потреба од истите.

**Извори на податоци**

Наставни планови и програми донесени од МОН; Годишна програма за работа на училиштето; Тематски планирања на наставниците; Нормативни акти на училиштето; Стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми; Педагошка евиденција и документација; Анкети со наставници, родители и ученици; Интервјуа  со директор, стручни соработници, со наставници, родители и ученици; Записници од Училишен одбор, Совет на родители и стручните органи на училиштето; Брошури и интернет страница на училиштето; Програма за работа на ученичката заедница; Записници од претходни инспекциски надзори[3]

[1] Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор

[2] Меѓупредметни цели: развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различноста и основните човекови права, и јакнење на свеста на учениците за  припадност на РМ како мултикултурно општетсво

[3] Се користи како извор на податоци во сите подрачја за коишто нуди информации

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

**Теми:**

- Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала
- Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала
- Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието
- Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми

**Многу добро**

- Училиштето преку формалните органи[4] планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставници и родители од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност.
- Постојат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во наставните програми и наставните помагала.
- Училиштето има разработени насоки за вградување на меѓупредметните цели[5] во сите наставни програми што ќе се реализираат. Наставниците ги почитуваат тие насоки.
- Училиштето покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми до Министерството за образование и наука, до Бирото за развој на образованието и/или до Центарот за стручно образование и обука.

**Делумно задоволува**

- Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност само по иницијативи на наставници, родители или стручни органи.
- Постојат примери за интегрирање на особеностите на локалната средина во мал број наставни програми.
- Помал број од наставниците презема одговорност за реализација на меѓупредметните цели.
- Училиштето ретко покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставниот план и наставните програми до Министерството за образование и наука, до Бирото за развој на образованието и/или до Центарот за стручно образование и обука.

**Извори на податоци**

Наставни планови и програми донесени од МОН; Годишна програма за работа на училиштето; Тематски планирања на наставниците; Нормативни акти на училиштето; Стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми; Педагошка евиденција и документација; Анкети со наставници, родители и ученици; Интервјуа со директор, стручни соработници, со наставници, родители и ученици; Записници од Училишен одбор, Совет на родители и стручните органи на училиштето; Брошури и интернет страница на училиштето; Програма за работа на ученичката заедница; Записници од претходни инспекциски надзори[6]

---

[4] Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор

[5] Меѓупредметни цели: развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на РМ како мултикултурно општество

[6] Се користи како извор на податоци во сите подрачја за коишто нуди информации

## 1.3 Вонынаставни активности

**Теми:**

- Обем и разновидност на планираните и реализираните вонынаставни активности[7]
- Опфатеност на учениците со вонынаставните активности
- Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во вонынаставните активности
- Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонынаставните активности

**Многу добро**

- Училиштето планира и реализира разновидни вонынаставни активности што ги одразува потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој
- Најголемиот број ученици се вклучени барем во една вонынаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, без оглед на нивниот пол етничката припадност и социјалното потекло. Училиштето обезбедува услови за вклучување на учениците со посебни образовни потреби и на учениците од семејства со низок социо-економски статус во вон-наставните активности.
- Учениците се вклучуваат во вонынаставните активности по сопствен избор. Учениците имаат клучна улога во изготвувањето на програмите за работа на вонынаставните активности.
- Учениците, со помош и поддршка од училиштето и наставниците, учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигаат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, на национално или на меѓународно ниво.. Постојат и се користат средства (пр. училишен весник, радио, ученичко катче и сл) за афирмирање на вонынаставните активности и на продуктите од нив.

**Делумно задоволува**

- Училиштето планира, но нецелосно ги реализира планираните вонынаставни активности што служат за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците. Ваквите Вонынаставни активности се ограничени по вид и недоволно ги одразуваат потребите и интересите на учениците.
- Во вонынаставните активности е вклучен мал број ученици од различен пол, етничка припадност и социјално потекло. Не се обезбедени услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во вонынаставните активности..
- Препораката на наставникот е одлучувачка во изборот на вонынаставната активност, како и во планирањето на содржината на работата.
- Има ретки примери на ученици кои учествуваат на манифестации и натпревари вон училиштето. Малку се обрнува внимание на афирмирање на вонынаставните активности во училиштето.

**Извори на податоци**

Годишна програма за работа; Програми за дополнителна и додатна настава и за други вонынаставни активности; Педагошка евиденција и документација; Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари; Интервјуа/анкети со наставниците, родителите, учениците и стручната служба за вонынаставните активности; Записници од стручни активи

[7] Под вонынаставни активности во овој контекст се подразбираат активности за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците, како што се секции, екскурзии, приредби и сл.

# Подрачје 2: Постигања на учениците

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
| --- | --- | --- |
| **2.1** | Постигања на учениците | • Следење на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) по наставни предмети и по квалификациони периоди<br>• Подобрување на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)<br>• Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава<br>• Следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование |
| **2.2** | Задржување/осипување на учениците | • Опфат на учениците<br>• Редовност во наставата<br>• Осипување на учениците<br>• Премин на ученици од едно училиште во друго |
| **2.3** | Повторување на учениците | • Ученици што не ја завршуваат годината |

## 2.1 Постигања на учениците

**Теми:**

- Следење на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата[8]) по наставни предмети и по квалификациони периоди
- Подобрување на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)
- Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби
- Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава
- Следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование

**Многу добро**

- Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност (и по јазикот на наставата), по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди.
- Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат. Врз основа на увидот во актуелните постигања на учениците (добиен преку интерни и екстерни тестирања), училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазик на настава).
- Училиштето има систем за идентификација на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со посебни образовни потреби и континуирано го следи нивниот напредок.
- Најголемиот број наставници им обезбедуваат поддршка во редовната настава на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на учениците со посебни образовни потреби, како и на надарените ученици, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области.
- Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и по завршување на основното и средното образование. Доколку се јават разлики во постигањата при премин од еден во друг циклус, училиштето ги анализира причините за ваквата појава и презема активности за нејзино надминување.

**Делумно задоволува**

- Училиштето располага со некомплетни податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност (и по јазикот на наставата).
- Врз основа на увидот во актуелните постигања на учениците, училиштето од време на време планира и презема активности за подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазик на настава).
- Училиштето ги идентификува надарените ученици, учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и учениците со посебни образовни потреби и несистематски го следи нивниот напредок.
- Мал број од наставниците обезбедуваат поддршка во редовната настава на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на учениците со посебни образовни потреби, како и на надарените ученици. Училиштето реализира дополнителна настава кон крајот (или на крајот) на учебната година за сите ученици кои имаат слаби оценки по определени предмети. Додатната настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области се организира од време на време и само во 1-2 области.
- Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус, постигано не презема посебни активности за надминување на разликите што се јавуваат во таквите ситуации.

**Извори на податоци**

Училишни програми и извештаи; Самоевалуација; Записници од стручни органи на училиштето, Училишен одбор, Совет на родители; Извештаи од стручната служба; Резултати од интерни и екстерни оценувања; Споредбени прегледи од резултатите од оценувањето (меѓународни, национални, градски, државни, училишни натпревари); Анализи на успехот; Анкети/Интервјуа со наставниците, родителите и учениците; Увид на час од страна на инспекцискиот тим; Досиеја на ученици; Програма за дополнителна и додатна настава;

[8] Постигањата на учениците според јазикот на наставата се следи во училиштата во кои наставата се одвива на повеќе од еден јазик

## 2.2 Задржување/осипување на учениците

**Теми:**

- Опфат[9] на учениците
- Редовност во наставата
- Осипување на учениците
- Премин на ученици од едно училиште во друго

**Многу добро**

- Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот, има изградена политика за опфат на сите ученици и презема различни активности (посети на семејствата, кампањи, соработка со надлежните институции, локалната заедница...) да ги опфати сите ученици од својот реон.
- Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност и социјалното потекло), ги анализира причините за отсуство од наставата (и неоправдано и оправдано) и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста. Училиштето соработува со родителите и локалната самоуправа за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Просечниот број на неоправдани изостаноци е помал од 5 по ученик и редовноста на учениците бележи тренд на подобрување во однос на претходните учебни години.
- Училиштето го следи осипувањето на учениците, ги анализира причините и, во соработка со локалната самоуправа и родителите, навремено презема конкретни активности за да го намали осипувањето. До завршување на основно образование нема осипување, а во средно образование осипувањето е помало од 1%.
- Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува значајните информации за образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

**Делумно задоволува**

- Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот, но не презема конкретни активности за да ги опфати сите ученици.
- Училиштето го следи осипувањето на учениците, но не ги анализира причините и не презема активности за да го намали осипувањето. До завршување на основно образование осипувањето е помало од 1%, а во средно образование е 3–5%.
- Училиштето прибира податоци за отсуствата на учениците (бројот на неоправдани и оправдани изостаноци), но активностите што ги презема за намалување на бројот на изостаноците не се засновани на анализи и незначително придонесуваат за зголемување на редовноста. Просечниот број на неоправдани изостаноци е меѓу 8 и 12 по ученик и редовноста не бележи тренд на подобрување во однос на претходните учебни години.
- Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго.

**Извори на податоци**

Програми за работа на училиштето, Извештаи на училиштето; Список на деца од реонот на училиштето што треба да се опфатат во прво одделение, основно образование (од надлежни служби од Единици на локална самоуправа); Анализи на опфатот, осипувањето и изостанувањето од наставата. Разговор со директор, стручна служба и наставници; Увид во педагошката евиденција и документација; Известувања на училиштето до надлежните органи (МОН и ДПИ); Записници од средби со родители и локална самоуправа. Евиденција на заминати или новодојдени ученици (преводници и др.).

[9] Опфатот се однесува само на основното образование.

## 2.3 Повторување на учениците

**Теми:**

❋ Ученици што не ја завршуваат годината

**Многу добро**

❋ Процентот на ученици што ја завршуваат годината е во постојан раст. Во училиштето постојат пропишани процедури за идентификување и анализирање на причините за повторување на учебната година и училиштето презема навремени мерки за намалување на бројот на ученици кои ја повторуваат годината. Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката за напредување, активностите што ги презема и со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.

**Делумно задоволува**

❋ Процентот на ученици што ја завршуваат годината не бележи опаѓање. Во училиштето се идентификуваат и анализираат причините за повторување на учебната година, но не постојат докази дека се преземени мерки за подобрување на состојбата. Училиштето ги запознава учениците со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.

**Извори на податоци**

Интерни училишни акти; Анализа за успехот на учениците во последните три години; Увид во педагошката евиденција и документација. Разговор со ученици, родители и стручната служба.

# Подрачје 3: Учење и настава

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 3.1 | Планирања на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| 3.2 | Наставен процес | • Наставни форми и методи<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приодот на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |
| 3.3 | Искуства на учениците од учењето | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| 3.4 | Задоволување на потребите на учениците | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| 3.5 | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 3.6 | Известување за напредокот на учениците | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

## 3.1 Планирања на наставниците

**Теми:**

- Поддршка и следење на планирањата на наставниците
- Индивидуални планирања на наставниците
- Размена на искуства и информации при планирањето
- Распоред на часови

**Многу добро**

- Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба и/или лица назначени од стручните органи. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и/или од стручната служба.
- Сите наставници имаат изготвени годишни и тематски планирања и дневни подготовки кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот[10]. Планирањата на наставниците содржат јасни насоки што се очекува учениците да научат (кои се очекуваните исходи од учењето), како и кога. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Активностите, вклучувајќи ги и домашните задачи, се така планирани за ефективно да се искористи времето и на наставниците и на учениците.
- Наставниците планираат во рамките на стручните активи и разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, регионална соработка со други училишта, консултирање со експерти, користење меѓународни искуства и др.
- Распоредот на часови го прави стручната служба во соработка со наставниците, почитувајќи го најдобриот интерес на детето.

**Делумно задоволува**

- Во училиштето нема пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето. Најмногу еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот или од стручната служба.
- Поголемиот дел од наставниците изготвуваат годишни и тематски планирања и дневни подготовки, но подготовките не ги содржат неопходните елементи за организација и реализација на часот.  Планирањата на наставниците даваат само општи или некомплетни насоки што се очекува учениците да научат. Целите на наставата и начинот на оценување се недоволно јасни (недостасуваат очекуваните исходи од учењето), а наставниот кадар не ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Активностите, вклучувајќи ги и домашните задачи, не се  планирани за ефективно да се искористи времето на учениците.
- Наставниците разменуваат искуства и идеи само во рамките на стручните активи.
- Распоредот на часови го прави стручната служба, според просторните и кадровските можности на училиштето.

**Извори на податоци**

Годишни, тематски планирања и дневна подготовка (Проверка на навременоста на годишните планирања, проверка на навременоста на реализирање на тематските планирања); Договорена/Пропишана интерна процедура за следење на планирањето на наставниците; Евидентни листови/Инструменти за следење на планирањето на наставниците; Разговор со директор, стручна служба, наставници; Записници од состаноците на стручните активи; Други докази за коресподенција; Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час

[10] Цели на часот, активности, ресурси, проверка на постигањата, констатација/евалуација на реализиран час

## 3.2 Наставен процес

**Теми:**

- ❋ Наставни форми и методи
- ❋ Избор на задачи, активности и ресурси
- ❋ Интеракција меѓу наставниците и учениците
- ❋ Приодот на наставникот кон учениците
- ❋ Следење на наставниот процес

**Многу добро**

- ❋ Се користат разновидни наставни форми и методи (вклучувајќи и употреба на ИКТ во наставата), кои соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за да работат со учениците индивидуално, во мали групи или со целата паралелка. Наставниците успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка.
- ❋ Задачите што се работат во училиште или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности (со различно ниво на сложеност) е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците, што им помага на учениците да ги постигнат предвидените цели на наставата. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и дополнителна прирачна литература. На учениците им се овозможува да работат со сопствено темпо.
- ❋ Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на сите ученици во секоја фаза на учењето. Поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование на учениците. Се користат различни методи на интеракција со учениците што се во насока на промовирање на учењето и градење на довербата меѓу наставниците и учениците. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени. Наставниците користат позитивни приоди да ги мотивираат учениците (преку пофалби кога е тоа соодветно). Учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера.
- ❋ Сите наставниците се однесуваат со учениците на начин кој  промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање. При тоа не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност. Наставниците не користат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците.
- ❋ Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку два пати во полугодие од директорот или стручната служба. Постои пракса на размена на искуства преку следење на работата од колеги од стручниот актив. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.

**Делумно задоволува**

- ❋ Наставните форми и методи (вклучувајќи ја и употребата на ИКТ во наставата) што ги користат наставниците не секогаш соодветствуваат на потребите на учениците и не ги опфаќаат сите стилови на учење. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група или со целата паралелка, но методите што ги користат не се секогаш соодветно избрани. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици што не придонесува за развивање на индивидуалните вештини за учење на секој ученик.
- ❋ Дел од домашните задачи не се поврзани со работата на учениците за време на часовите.  Изборот на  задачи и активности не е добро прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците и не секогаш овозможува учениците да ги постигнат предвидените цели на наставата. Наставниците користат само одобрени учебници и прирачен материјал.
- ❋ Не секогаш наставниците ги запознаваат учениците со целите на учењето. Поучувањето честопати е неразбирливо за учениците и има потреба од повторни објаснувања. Интеракцијата со учениците само понекогаш е во насока на промовирање на учењето и градење  доверба меѓу наставниците и учениците. Учениците инцидентно се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Наставниците многу малку ги пофалуваат учениците, или користат само вообичаени фрази.
- ❋ Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој  промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност. Најголемиот број наставници се воздржуваат од користење полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците, но не прават ништо кога таквите стереотипи ги користат учениците.
- ❋ Училиштето нема пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес. Секој наставник се посетува на час барем еднаш во една учебна година од директорот или стручната служба.

**Извори на податоци**
Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час; Инструмент за следење и вреднување на изведбата на наставниот час; Инструмент за следење и вреднување на водењето и текот на наставниот час; Инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката; Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците; Инструмент за следење и вреднување на комуникацијата на наставникот со учениците; Увид на час; Годишни, тематски, дневни планирања; Програма за работа на директор/стручна служба; Анкети/Интервјуа со наставници и ученици

## 3.3 Искуства на учениците од учењето

**Теми:**

- Средина за учење
- Атмосфера за учење
- Поттикнување на учениците за преземање одговорност
- Интеракција на учениците меѓусебе и со возрасните во училиштето

**Многу добро**

- Учениците ги доживуваат училниците и другите простории во училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина, која поттикнува интерес за учење. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и во училиштето), почитувајќи естетски норми. Редовно се менуваат, согласно со целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд.
- Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието. За време на часот, најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Најголем дел од нставниците не критикуваат ученици пред други ученици или возрасни. Сите ученици учествуваат во активностите за време на часот.
- Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и тоа да биде сериозно земено предвид при решавањето проблеми и одлучувањето. Учениците преземаат различни одговорности во училиштето (во и вон наставата).
- Учениците сметаат дека училиштето, низ организирани форми, поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина.

**Делумно задоволува**

- Учениците сметаат дека во училиштето има малку училници и други простории што поттикнуваат интерес за учење. Трудовите на учениците се изложуваат, но без да се внимава на видливоста и пристапноста на местото каде се изложени, на целта на изложувањето и на естетиката.
- Учениците сметаат дека само понекогаш се учи на интересен начин и дека она што се учи не секогаш е поврзано со секојдневието. Мал број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат. Мал дел од наставниците успеваат да се воздржат да критикуваат ученици пред други ученици или возрасни. Дел од учениците учествуваат во активностите за време на часот.
- Учениците сметаат дека само понекогаш имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид. Учениците не се подготвени да преземат одговорности во и вон наставата.
- Ученици сметаат дека соработката меѓу учениците не е доволно добра и дека поголем број од возрасните во училиштето не се отворени за соработка со нив. Учениците работат на групни проекти, но во групите недостасува разноликост.

**Извори на податоци**

Анкета за ученици; Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците; Увид во ученички досиеја; Увид во евиденцијата на стручната служба; Програма за работа и извештаи на ученичката заедница

## 3.4 Задоволување на потребите на учениците

**Теми:**

- Идентификување на образовните потреби[11] на учениците
- Почитување на различните потреби на учениците во наставата

**Многу добро**

- Наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.
- Најголем број од наставниците во процесот на поучување користат различни техники со што им даваат можност на учениците со различни стилови на учење да научат најмногу што можат. Во оценувањето користат различни техники со што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум.

**Делумно задоволува**

- Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречки  во процесот на учење на секој ученик, но не ги идентификуваат систематски. Се преземаат мал број активности за исполнување на потребите и/или отстранување на пречките.
- Мал број наставници користат различни техники на поучување и оценување.

**Извори на податоци**

Анкета за ученици; Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците; Увид во ученички досиеја; Увид во евиденцијата на стручната служба; Програма за работа и извештаи на ученичката заедница

[11] Образовните потреби на учениците се определуваат индивидуално (за секој ученик посебно) и со нивното задоволување се обезбедува остварување на максималните потенцијали за постигање на ученикот во училиште.

## 3.5 Оценувањето како дел од наставата

**Теми:**

- Училишна политика за оценување
- Методи и форми на оценување
- Користење на информациите од оценувањето во наставата

**Многу добро**

- Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување. Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознати.
- Сите наставници користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата.
- Сите наставницие редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата. Голем акцент се става на вреднување на тековните постигања на учениците и на идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето. Наставниците целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

**Делумно задоволува**

- Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Учениците и родителите не се запознати со критериумите за оценување.
- Мал дел од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Оценувањето малку им помага на учениците да ги подобрат постигањата.
- Наставниците понекогаш со учениците го дискутираат нивниот напредок и постигањата и не им даваат редовно повратна информација. Повратната информација најчесто не содржи детали за постигањата и за следните активности што треба да се преземат. Наставниците недоволно ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

**Извори на податоци**

Програма за работа на училиштето;Правилник за оценување и напредување на ученици; Интерен правилник за оценување; Стандарди за оценување; Увид во педагошка евиденција и документација; Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, листи за проверка, бодовни листи); Примери на оценети ученички трудови; Записници од стручни активи,  наставнички совет, Анкети/Интервјуа со ученици и наставници. Анкети и интервјуа со родители; Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители; Интерни акти/кодекси на училиштето; Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците

## 3.6 Известување за напредокот на учениците

**Теми:**

- Известување на родителите за напредокот на учениците

**Многу добро**

- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно.; За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите, кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите. Родителите добиваат и пишани извештаи со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето. Од родителите се бара да дадат своја повратна информација по извештајот по што се преземаат соодветни активности согласно гледиштата на родителите во однос на постигањата и напредокот на нивните деца.

**Делумно задоволува**

- Родителите се информирани како да комуницираат со училиштето во однос на напредокот на нивните деца, но не се поттикнати да го прават тоа. Наставниците нередовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат општа повратна информација на родителите и учениците за оценката. Постојат можности родителите да се среќаваат со наставниците, но тие средби не се чести и информациите не се конкретни и не го насочуваат родителот како да му помогне на детето. Наставниците изготвуваат пишани извештаи само за родителите на учениците со послаби постигања и/или за родителите на учениците со проблематично однесување. Од родителите не се бара да дадат своја повратна информација за извештајот.

**Извори на податоци**

Увид во педагошка евиденција и документација; Анкети и интервјуа со родители; Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители; Интерни акти/кодекси на училиштето; Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците

# Подрачје 4. Поддршка на учениците

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| **4.1** | Севкупна грижа за учениците | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>• Грижа за ученици од социјално загрозени семејства |
| **4.2** | Здравје | • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за ученици со здравствени проблеми |
| **4.3** | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | • Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>• Грижа за ученици со емоционални потешкотии |
| **4.4** | Следење на напредокот | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

## 4.1 Севкупна грижа за учениците

**Теми:**

- Заштита од физички повреди и елементарни непогоди
- Превенција од насилство
- Заштита од пушење, алкохол и дрога
- Квалитет на достапна храна
- Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот
- Грижа за ученици од социјално загрозени семејства

**Многу добро**

- Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Учениците користат заштитна опрема при реализација на наставни содржини за стекгнување практични вештини. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не можат да се избегнат (шахти, штекери, скали, лизгави површини и сл.) се посебно означени и учениците се свесни за нивното присуство и обучени како да се однесуваат кон нив. Во училиштето има обучен кадар за давање на прва помош на ученици при несреќни случаи во училиштето и врши обука на сите наставници за постапување во вакви случаи. Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди и најмалку еднаш годишно изведува симулација.
- Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство со особен акцент на облиците на сексуално вознемирување на учениците (меѓу себе и од страна на возрасните). Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се наведуваат механизмите за справување со евентуална појава на различните облици на насилство. Документот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите во локалната заедница. Жртвите, родителите на жртвите и/или сведоците на насилство се запознаени со своите права и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно.
- Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање наркотични супстанци, која подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Во соработка со локалната заедница и општината, училиштето наоѓа начин да спречи користење алкохол и наркотични супстанци во неговиот двор. Училиштето има пишани процедури за регистрирање на појава на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив.
- Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им ја нуди на учениците . Најмалку два пати во едно полугодие доставува примероци од храната за испитување во институција надлежна за утврдување на квалитетот на храната. Во соработка со локалната заедница и со општината воспоставува процедури со кои се обезбедува проверка на квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во неговата непосредна околина. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.
- Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со телесни пречки во развојот. Училиштето соработува со родителите и со други релевантни институции (на пример, невладини организации) во обезбедување грижа за децата со телесни пречки во развојот и има развиени механизми за поттикнување на соучениците во пружање помош и водење грижа за овие деца. Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот. Просторот во ходниците и во учлниците овозможува нивно движење, а постои и посебен тоалет што е достапен за нивна употреба.
- Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици (на пример, заради недостаток од учебници и работен прибор) и да учествуваат во воннаставните активности кои бараат вложување на дополнителни средства (на пример, екскурзии, приредби и натпревари). Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. При тоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (на пример, центар за социјална работа, хуманитарни организации и деловна заедница).

**Делумно задоволува**

- Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор, но истите не се реализираат според предвидениот план. Учениците не секогаш користат заштитна опрема при реализација на наставни содржини за стекнување на практични вештини. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Во училиштето има вработени со вештини за давање прва помош на ученици при несреќни случаи во училиштето, но има потреба од дополнителна обука. Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди, но не изведува симулации. Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди, но не изведува симулации.
- Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните, кои се сметаат за психичко и физичко насилство. Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се наведуваат механизмите за справување со евентуална појава на различните облици на насилство. Вработените имаат разбирање за процесот на заштита на детето, но потребна е нивно дополнително обучување. Тие внимателно им приоѓаат на потребите на децата, но не секогаш ги земаат предвид нивните права, приватност и достоинство. Жртвите, родителите на жртвите и/или сведоците на насилство не ја знаат процедурата за поднесување поплаки и/или се сомневаат дека ако поднесат поплака училиштето ќе постапи навремено и непристрасно.
- Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање наркотични супстанции, која подразбира дека во училиштето се пуши само во просторија наменета за тоа, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. Училиштето не може успешно да се справи со овие појави во училишниот двор по завршување на наставата.
- Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им ја нуди на учениците, но нема процедури за проверка на квалитетот. Училиштето не обезбедува увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во негова непосредна околина.
- Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со телесни пречки во развој и соработува со родителите во обезбедување на грижата. Училиштето нема механизми за вклучување на соучениците во пружање помош и водење грижа за децата со телесни пречки во развојот. Пристапот во училиштето не е прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот и просторот во ходниците и во учлниците не овозможува нивно самостојно движење. Во училиштето не постои посебен тоалет што е достапен за нивна употреба.
- Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вonнаставните активности кои бараат вложување на дополнителни средства. Процедурите се спроведуваат во практиката доколку се обезбеди надворешна финансиска поддршка и најчесто за учениците од социјално најзагрозените семејства.

**Извори на податоци:**
Програма за работа на директорот; Програма за работа на стручната служба; Записници (евидентни листови) од индивидуални разговори со ученици и родители; Увид во педагошката евиденција (работа на проекти), увид во просторните капацитети и увид на час; Упатства на училиштето за формите и методите што ги користи; Податоци за организирана исхрана на учениците; Интервјуа со наставници, родители и ученици; Податоци за организирани трибини и предавања во училиштето; Евиденција и известувања од училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални проблеми; Досие на ученикот; Годишна програма за работа на училиштето

## 4.2 Здравје

**Теми:**

- Хигиена и заштита од болести
- Грижа за ученици со здравствени проблеми

**Многу добро**

- Хигиената во училиштето е на високо ниво. Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти и дезинфицирани во секое време од денот. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку три пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, останатиот училишен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по два пати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјани површини се позеленети и редовно се одржуваат. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето има програма за превенција од заразни болести.
- Училиштето има пропишани процедури[12] за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. При тоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (на пример, здравствени установи, центар за социјална работа).

**Делумно задоволува**

- Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти во секое време од денот. Ходниците, скалите, подот во училниците и останатиот училишен простор се чисти најмалку еднаш во денот, мебелот еднаш во неделата, а прозорците, вратите и другиот инвентарот по еднаш во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци. Во училиштето има корпи за отпадоци. Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува договорна процедура за заштита од нејзино ширење.
- Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката на иницијатива на одделенскиот/класниот раководител или предметниот наставник во соработка со родителите и/или други релевантни институции (на пример, здравствени установи и центар за социјална работа).

**Извори на податоци:**

Годишна програма за работа на училиштето; Куќен ред; Правилник за организација и систематизација на работата и работните места; Записници од органи на училиштето; Записници од надлежни органи за контрола на хигеиената и здравјето на децата; Увид во педагошка евиденција и документација; Увид во училишниот простор.

---

[12] Документ кој во себе ги содржи чекорите, одговорните лица и потребните ресурси за реализирање на одредена активност и/или справување со одредена состојба

## 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

**Теми:**

- Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување[13]
- Грижа за ученици со емоционални потешкотии

**Многу добро**

- Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали на образовните институции (флаери, трибини, посети на училишта, високообразовни институции и др.) за професионална ориентација на учениците. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование, доусовршување или вработување по завршување на основно и средно образование опфаќа широк спектар на добро структурирани пристапи: на пр. самооценување на вештините и интересите на учениците, помош во изработка на кратка биографија, подготовка за интервјуа за работа, редовно информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето преку пишани и усни соопштенија од страна на стручните служби. Училиштето им нуди на учениците можности за добро организирана практична работа. Има постојана соработка со агенцијата за вработување и редовно спроведува тестирања за професионална ориентација на учениците и им помага во професионалното насочување.
- Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за ученици со емоционални проблеми, без оглед на изворот (на пр, семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството, постконфликтни трауми). Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и/или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантни институции. Училиштето има редовна соработка со релевантните институции, како што се: здравствени установи, центар за социјална работа, полиција и др.

**Делумно задоволува**

- Информациите за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување што училиштето им ги обезбедува на учениците не секогаш се јасни, точни и релевантни. Училиштето организира активности за професионална ориентација на учениците само по барање на надворешни субјекти. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование, доусовршување или вработување по завршување на основно и средно образование е ограничена и се нудат само општи информации на барање на родителите и учениците. Училиштето организира практична работа за учениците, но истата е со слаб квалитет и не им нуди на учениците можности за стекнување на практични вештини.
- Училиштето има договорени процедури за грижа за ученици со емоционални проблеми. За спроведување на процедурите е одговорна стручната служба.

**Извори на податоци:**
Записници од работилници; Записници од родителски средби; Анкетирање и интервјуа со учениците и родителите; Информации изготвени од стручната служба и пласирани преку расположливи медиуми на училиштето; Програма за професионална ориентација на учениците; Флаери; Предавања; Записници од индивидуални разговори со родители и ученици

[13] Помош во понатамошното образование се нуди и во основните и во средните училишта, додека пак помош во доусовршување и/или вработување се нуди само во средните училишта

## 4.4 Следење на напредокот

**Теми:**

- Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците
- Анализа на напредокот на учениците по паралелки

**Многу добро**

- Наставниците[14] водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка, како и за неговиот/нејзиниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Во евиденцијата посебно се акцентирани добрите страни на ученикот/ученичката и неговите/нејзините развојни потенцијали. Во евиденцијата се внесени и податоци за напредокот на ученикот/ученичката што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручната служба и родителите на ученикот/ученичката. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.
- Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците . Изготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

**Делумно задоволува**

- Наставниците водат уредна евиденција за напредокот на постигањата, редовноста, поведението на секој ученик/ученичка. Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на ученикот/ученичката, добиени врз основа на сопствени проценки.
- Наставниците подготвуваат извештаи по квартали за својата паралелка, што ги прават достапни на сите заинтересирани страни, по нивно барање. Резултатите од анализите не се прегледни и добиените податоци ретко се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

**Извори на податоци:**
Извештаи и анализи; Разгледување на педагошка евиденција и документација; Евиденција на заминати или новодојдени ученици (преводници и др.). Разговор со наставници и стручна служба.

---

[14] Во одделенска настава (I-V одд.) евиденцијата ја водат одделенските раководители, а во предметна настава (VI-VIII) и во средните училишта, за евиденцијата се задолжени класните раководители.

# Подрачје 5. Училишна клима и односи во училиштето

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| **5.1** | Училишна клима и односи во училиштето | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| **5.2** | Промовирање на постигањата | • Промовирање на личните постигања на учениците<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| **5.3** | Еднаквост и правичност | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| **5.4** | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со локалната заедница<br>• Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

**Теми:**

- Углед/имиџ на училиштето
- Кодекс на однесување
- Училишна клима
- Поведение и дисциплина во училиштето
- Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки

**Многу добро**

- Училиштето е препознатливо по високиот квалитетот на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.
- Училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). Во неговата изработка учествувале преставници на сите структури, а при неговото усвојување е спроведена демократска процедура со учество на претставници на сите структури. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во пракса.
- Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училиштиот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржување на постојано добра атмосфера во училиштето што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Речиси сите ученици (без оглед на способности, род, етничка припадност, вера и потекло) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.
- Дисциплината на учениците е многу добра. Постои работна атмосфера за време на наставата и вонnаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиште. Учениците се совесни и соработуваат со кадарот и меѓусебно, и учтиво се однесуваат. Вработените внимателно, но авторитетно се справуваат со проблеми кои се однесуваат на дисциплината и редовноста, поради што нема прекини во учењето и наставата. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки.
- Учениците се навремено и целосно информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки во врска со тие работи.

**Делумно задоволува**

- Училиштето се истакнува по постигањата на учениците во најмалку едно наставно или вонnаставно подрачје. Вработените со својата работа и однесување не придонесуваат за целосна афирмација на училиштето. Поголемиот дел од вработените недоволно ја познаваат мисијата и визијата на училиштето. Училиштето се залага за зголемување за грижата за здравјето и безбедноста на учениците, за негување на родовата сензитивност и мултикултурализмот и за поддршка на инклузивноста и зајакнување на партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Мал дел од наставниот кадар ужива респект кај родителите и мал дел од учениците и вработените се идентификуваат со училиштето.
- Училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). Во неговата изработка не учествувале сите структури, а го усвоил Училишниот одбор. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани со кодексот, но таквите процедури недоследно се спроведуваат во пракса.
- Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес, но постојат докази за нарушени односи меѓу поединци. Раководниот и наставниот кадар не се постојани во своите напори да обезбедат добра атмосфера во училиштето. Има случаи кога нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето го попречува развојот на позитивна атмосфера во училиштето. Не се посветува доволно внимание на заемната соработка и грижата на учениците едни за други. Има ученици кои не се чувствуваат прифатени од возрасните и/или од учениците во училиштето.
- Дисциплината на учениците главно задоволува. Учениците имаат проблеми во соработката со вработените и не внимаваат на своето однесување. Вработените понекогаш успешно се справуваат со проблеми кои се однесуваат на дисциплината и редовноста. Проблемите со дисциплината и редовноста понекогаш резултираат со изрекување педагошки мерки кои може да се избегнат доколку навремено се идентификуваат и се разрешуваат во соработка со вработените, стручната служба и родителите. Училиштето го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки.

- Учениците многу малку придонесуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки за работите што се од нивен непосреден интерес.  Учениците се делумно информирани за работите во училиштето што се од нивен непосреден интерес.

**Извори на податоци:**
Кодекс на однесување; Анкети/интервјуа со наставници, родители и ученици;
Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; Правилник за оценувањето, напредувањето, полагањето на испити, видови на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците; Статут на училиште; Упатство за начинот на изрекување на педагошки мерки во јавните средни училишта; Куќен ред на училиштето; Пофалби, награди, признанија и др.

## 5.2 Промовирање на постигањата

**Теми:**

- Промовирање на личните постигања на учениците
- Промовирање на постигањата во име на училиштето

**Многу добро**

- Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување на јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците исто така имаат високи очекувања од самите себе и од другите; имаат аспирации за повисоки постигања на ниво на училиште и на националните оценувања. Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина. Учениците имаат можности (согласно своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во вонннаставните активности.
- Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво. Училиштето има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што го помогнале тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето.

**Делумно задоволува**

- Училиштето не презема активности за да ги промовира постигањата на учениците. И покрај тоа што се вреднуваат високите постигања на учениците по одредени предмети, ова не е случај со сите активности преку кои може да се афирмираат учениците. Средината за учење не ги мотивира учениците да си поставуваат повисоки цели и нивните очекувања од себе се скромни. Наставниот кадар не ја согледува суштината на пофалувањето како начин на мотивирање на учениците и има случаи кога се користи на несоодветен начин. Училиштето ги промовира личните постигања на сите ученици само во рамките на училиштето.
- Училиштето има политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво, но нема развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што го помогнале тоа.

**Извори на податоци:**
Годишна програма за работа на училиштето; Изложени трудови на ученици; Паноа со пофалби, награди; Медиумско промовирање на постигањата на учениците; Интервју со наставници и стручни соработници, ученици, родители

## 5.3 Еднаквост и правичност

**Теми:**

- Познавање на правата на децата
- Еднаков и правичен третман на сите ученици
- Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот

**Многу добро**

- Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето организира работилници со родителите за да ги запознае со правата на децата.
- Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.
- Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата.  Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р. Македонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Училиштето организира заеднички наставни и/или вонаставни активности наменети за културно/јазички мешани групи[15] и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.

**Делумно задоволува**

- Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и можат да ги препознаат случаи на нивно нарушување во пракса. Училиштето ги запознава учениците со нивните права, но не секогаш им овозможува да ги практикуваат. Училиштето не презема активности за да ги запознае родителите со правата на децата.
- Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи, но нема развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да препознаваат и како да се справуваат со прашања поврзани со дискриминација на глобално ниво.
- Училиштето недоволно ги вреднува и промовира етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р. Македонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Училиштето не организира заеднички наставни и/или вонаставни активности наменети за културно/јазички мешани групи.

**Извори на податоци:**

Педагошка евиденција и документација во однос на вклученост на учениците во вонаставни активности; Структура на паралелките; Интервјуа со ученици, родители и стручна служба; Прашалници за ученици и родители; Дневник за работа на стручната служба

[15] Училиштата со два или повеќе наставни јазици го прават тоа со јазично мешани групи, а еднојазичните училишта со културно (етнички) мешани групи. Училиштата со доминантно моноетнички состав соработуваат меѓусебе за да обезбедат меѓукултурна соработка меѓу учениците.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

**Теми:**

- Соработка на училиштето со родителите
- Соработка со локалната заедница
- Соработка со деловната заедница[16] и невладиниот сектор

**Многу добро**

- Училиштето презема бројни и добро испланирани активности и организира обуки за да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање на предавања на конкретна тема или посети на работното место на родителот, како и во вonнаставните активности. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање на индивидуални родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, добро организирани и достапни на родителите. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.
- Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето промовира и прифаќа вклучување на волонтери од заедницата во наставните и воннаставните активности.
- Училиштето остварува квалитетна соработка со деловната заедница преку добро организирана практична настава и спроведување на заеднички проекти поттикнати од двете страни. Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка со невaладиниот сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата.

**Делумно задоволува**

- Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и работата на училиштето, но не презема активности активно да ги вклучи сите родители. Имено, училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето само во рамките на формалните нивоа на одлучување (Совет на родители, родителски средби и Училишен одбор). Комуникацијата на училиштето со родителите се сведува на одржување на најмалку две родителски средби во едно полугодие, а има и примери за одржани индивидуални родителски средби. Информациите што се однесуваат на работата на училиштето се кратки и нејасни за родителите. Има родителите кои не се чувствуваат прифатени од дел од вработените во училиштето.
- Училиштето остварува соработка со локалната заедница само во рамките на формалните законски обврски и постојат мал број примери на заеднички проекти и настани.
- Училиштето соработува со деловната заедница за реализација на практичната настава. Има мал број примери за остварена соработка со невладиниот сектор.

**Извори на податоци:**
Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); Записници од совет на родители и родителски средби; Анкети и интервјуа со директор, родители, наставниците и стручна служба; Педагошка евиденција и документација (за општествено корисната работа, за јавно културната дејност); Статут на училиштето; Увид во веб страната на училиштето; Договор со деловната заедница; Проекти на училиштето во функција на развивање на практичните вештини на учениците; Записници и одлуки од состаноци од Училишниот одбор; Постоење на виртуелни и реални ученички компании; План за организирани контакти и преписки со деловната заедница; Организирани трибини, дебати, предавања со родителите и претставниците на деловната заедница; Документација за добиени спонзорства и донации

[16] стопански организации, занаетчиски работлиници, комори и здруженија

# Подрачје 6. Ресурси

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| **6.1** | Сместување и просторни капацитети | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети |
| **6.2** | Наставни средства и материјали | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен материјал |
| **6.3** | Обезбедување на потребниот наставен кадар | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>• Ефективност и распоредување на кадарот<br>• Стручната служба како поддршка на наставниот кадар |
| **6.4** | Следење на развојните потреби на наставниот кадар | • Професионален развој на наставниците |
| **6.5** | Финансиско работење во училиштето | • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

**Теми:**

- ❋ Просторни услови
- ❋ Искористеност на просторните капацитети

**Многу добро**

- ❋ Училишниот простор[17] ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот. Постојат соодветни и пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работа на наставниот кадар и за организирање на воннаставни активности за учениците. Големината на училниците соодветствува на бројот на ученици во паралелките.
- ❋ Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

**Делумно задоволува**

- ❋ Во училиштето има и простории во кои условите за изведување на настава не се според Нормативот. Училиштето не презема активности за подобрување на постоечката состојба. Потребно е прилагодување на просторните услови за да се обезбедат пријатни услови за одвивање на наставата, за работа на наставниот кадар и за организирање на воннаставни активности. И покрај тоа што поголемиот број на училници се соодветни на бројот на ученици во паралелките, сепак се чувствува недостаток од простории за изведување на практична настава и воннаставни активности.
- ❋ Училиштето не презема мерки за целосна искористеност на расположивите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, како резултат на што наставниците користат мал дел од расположивите просторни капацитети.

**Извори на податоци:**
Годишна програма за работа; План за развој на училиштето; Непосреден увид; Записници од просветна и санитарна инспекција; Распоред на часови; Полугодишен и годишен извештај; Записници од работата на стручните активи; Интервјуа со наставниците

[17] Вклучувајќи ја и салата за физичко образование и училишниот двор

## 6.2 Наставни средства и материјали

**Теми:**

- Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала
- Училишна библиотека
- Потрошен материјал

**Многу добро**

- Училиштето располага со разновидна стручна литература и наставни средства и помагала согласно Нормативите по сите наставни предмети. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ опрема, и континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ефективно и ефикасно ги користат во наставата и учењето. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.
- Училишната библиотека располага со повеќе од 5 наслови на книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија и прописно ја води библиотечната евиденција. Библиотеката е добро подредена и располага со компјутер и пристап до интернет. Библиотеката е отворена за користење од страна на учениците во текот на целиот училишен ден.
- Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот на училиштето.

**Делумно задоволува**

- Училиштето располага со стручна литература и наставни средства кои делумно соодветствуваат со современите наставни текови. Наставниците и учениците понекогаш имаат ограничен пристап до наставните средства и материјали потребни за учењето и наставата. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, но нема систем за следење на нивната употреба, одржување и набавка на нови. Наставниците и учениците имаат ограничен пристап до интернет.
- Училишната библиотека располага со од 2 до 5 наслови на книги по ученик вклучувајќи ги и лектирните изданија и непрописно води библиотечна евиденција. Работното време на библиотеката не овозможува учениците да ја користат во текот на целиот училишен ден.
- Училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал, но набавката не ги задоволува реалните потреби на училиштето.

**Извори на податоци:**

Непосреден увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала; Разговор со наставници стручна служба и директор; Увид во библиотечната евиденција; Разговор со одговорното лице; Разговор со учениците; Разговор со наставниците, анкета со учениците, разговор со техничкиот персонал, увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали; Самоевалуација на училиштето и план за развој на училиштето; Разговор со наставниците и непосреден увид во документацијата на училиштето и интерните акти; Увид во интерните акти, полугодишен и годишен извештај, годишна програма, разговор со наставниците; Записници од стручни активи

## 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

**Теми:**

- ❋ Број на вработени и соодветност на наставниот кадар
- ❋ Ефективност и распоредување на кадарот
- ❋ Стручната служба како поддршка на наставниот кадар

**Многу добро**

- ❋ Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи и кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби. Наставниот кадар е во согласност со нормативите. Наставниот кадар е квалификуван и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Работата на наставниот кадар е соодветно надополнета и олеснета од страна на административно-техничкиот персонал
- ❋ Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи. При распределба на кадарот предвид се земаат квалитетите, искуството и експертизата на наставниците што придонесува за исполнување на целите на наставата. Кога е соодветно, училиштето ангажира специјализирани наставници или експерти во соодветната област кои ефективно работат со наставниот кадар од училиштето. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.
- ❋ Училиштето има стручна служба која им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

**Делумно задоволува**

- ❋ Училиштето има обезбедено доволен број на наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Работата на наставниот кадар е надополнета и олеснета од страна на административно-техничкиот персонал, но има аспекти од нивната работа што треба да се подобрат. Наставниот кадар поседува низа квалификации, вештини и искуство стекнато преку обуки, но за одредени потреби на учениците и училиштето во целина има недостаток од соодветен кадар. Наставниците имаат познавање на процесите на учење и развој на децата, но не и за задоволување на различни нивни специфични потреби.
- ❋ Квалитетот на работата и придонесот на наставниците за работата на училиштето е непостојан, а наставниците не секогаш работат како тим во рамките на стручните активи. Распределбата на кадарот не секогаш се врши според квалитетите, искуството и експертизата на наставниците со што се намалува можноста за исполнување на целите на наставата. При отсуство на наставниот кадар не се води грижа замената да биде соодветна и благовремена.
- ❋ Стручна служба во училиштето им помага на наставниците во организација на наставата, во следење на напредокот на учениците, во справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и/или во давање советодавна помош на учениците без посебна програма за работа.

**Извори на податоци:**

Увид во досиејата на вработените; Увид во правилникот за систематизација; Разговор со директорот и со наставниците; Годишна програма за работа на училиштето; Програма за работа на стручната служба.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

**Теми:**

- Професионален развој на наставниците

**Многу добро**

- Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој, има програма и стратегии за обезбедување на професионалниот развој (вклучувајќи и менторство) и обезбедува финансиска поддршка согласно идентификуваните потреби. Училиштето има стратегија за десиминирање на знаењето на кадарот. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот, а има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој.

**Делумно задоволува**

- Училиштето несистематски ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Училиштето повремено обезбедува поддршка за професионален развој на наставниците, но обично на индивидуални барања. Училиштето нема план за десиминација на знаењето на кадарот. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот.

**Извори на податоци:**

Интерни акти; Разговор со стручната служба, наставниците и директорот; Програма за професионален развој на наставниот кадар; Програма за работа на менторот и нововработениот во текот на учебната година; Анкети на училиштето за професионален развој на кадарот; Листи од спроведени интерни обуки

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

**Теми:**

- Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење
- Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

**Добро**

- Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Раководниот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Раководниот кадар будно го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие соодветен квалитет за потрошените финансиски средства.
- Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства. Раководниот кадар ги консултира сите вработени кога тоа е потребно и на соодветно ниво на деталност. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за креативни цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

**Делумно задоволува**

- Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Раководниот кадар има ограничено разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување на дополнителни финансиски средства. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Раководниот кадар не го следи наменското трошење на буџетот под претпоставка дека добива соодветен квалитет за потрошените финансиски средства.
- Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Раководниот кадар не консултира дел од одговорните лица за прашања поврзани со ресурсите чии информации се важни за да се обезбеди економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети не се секогаш поврзани и не ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи за краткорочни цели или приоритети кои не се поврзани со подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

**Извори на податоци:**
Увид во финансов план, развоен план и годишна програма за работа; Разговор со директор/наставници/УО; Записници и одлуки на УО; Разговор со Советот на родители; Склучени договори, тендери за јавни набавки; Понуди; Записници од ревизија и УЈП

# Подрачје 7. Управување, раководење и креирање политика

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| **7.1** | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето |
| **7.2** | Цели и креирање на училишната политика | • Јасност и соодветност на целите<br>• Процедури за креирање на училишната политика |
| **7.3** | Развојно планирање | • Цели на развојното планирање<br>• Професионален развој/стручно усовршување на кадарот<br>• Материјално-технички средства<br>• Инфраструктура |

## 7.1 Управување и раководење со училиштето

**Теми:**

- Управување со училиштето
- Раководење со училиштето

**Многу добро**

- Училишниот одбор (УО) е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на УО. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. УО има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.
- Раководниот орган има стратешка определба заснована на јасна визија која ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата пракса што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата кој се заснова на најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна само-евалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница. Раководниот орган го заснова своето работење на тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет.

**Делумно задоволува**

- УО е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. УО има Деловник за работа. Има случаи на одложување/неодржување на седниците на УО поради немање на кворум за работа. УО соработува со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури само на формално ниво.
- Раководниот орган има општа идеја за тоа што е најдобро за училиштето, но истата не е доволно фокусирана за да биде стратешка определба на училиштето. Избегнува да донесува одговорни одлуки. Има професионален однос кон работата кој се заснова на релевантни знаења, иако не секогаш ги применува успешно во пракса. Се соочува со потешкотии при раководењето со промените во образовниот систем и охрабрувањето на вработените да ги прифатат истите.  Не е во состојба ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Приоритети идентификувани во развојниот план не се секогаш најсоодветни за подобрување на  училиштето и постигнувањата на учениците. Има тенденција да раководи со училиштето во изолација од непосредната и пошироката заедница. Своето работење не секогаш го заснова на тимска работа и делува одбранбено кон секаков вид на коментари и критики.  Постојат ретки примери за тимска работа и вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет.

**Извори на податоци:**
Деловник за работа на Училишниот одбор; Статут на училиштето; Записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); Самоевалуација и План за развој на училиштето; Програма за работа на директорот; Програма за професионален развој на директорот; Интервјуа со наставниците, родителите и учениците; Интервју со Училишен одбор

## 7.2 Цели и креирање на училишната политика

**Теми:**

- Јасност и соодветност на целите
- Процедури за креирање на училишната политика

**Многу добро**

- Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето, и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето.
- Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. Училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и учениците.

**Делумно задоволува**

- Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика, но не им се дава соодветен приоритет. Целите имаат ограничен фокус кон обезбедување на квалитетна настава. Кадарот, родителите и учениците се запознати со целите, начелата и вредностите на училиштето, како и со начинот на нивно остварување и подобрување, но не се вклучени во нивната реализација. Не е јасно како поставените цели придонесуваат за подобрување на постигањата на учениците.
- Креирањето и ажурирањето на актите се врши во рамките на органите и телата на училиштето. Не се јасни стратегиите за остварување на целите.

**Извори на податоци:**
Годишна програма за работа на училиштето; Самоевалуација; Развоен план на училиштето; Акциони планови; Анкети/Интервјуа со директор, стручна служба, наставници, родители, ученици; Записници од УО/Совет на родители/Наставнички совет; Интерни акти

## 7.3 Развојно планирање

**Теми:**

- Цели на развојното планирање
- Професионален развој/стручно усовршување на кадарот
- Материјално-технички средства
- Инфраструктура

**Многу добро**

- Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивно поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати. Училиштето ги зема предвид ставовите на наставниците, родителите, учениците и локалната заедница.
- Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Има изготвено програма и обезбедено финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени и унапредување на воспитно образовниот процес вклучувајќи обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби. Училиштето има воспоставено систем за десиминација на стекнатото знаење и континуирано ја следи примената на стекнатото знаење од усовршувањето.
- Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување.
- Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето и обезбедува сопствени и средства од донатори за наменско инвестирање во истата. Училиштето има воспоставена соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата.

**Делумно задоволува**

- Целите делумно ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Училиштето има акциски планови за дел од поставените цели. Нивната важност е делумно споделена со наставниците, учениците и родителите, а училиштето се залага да ги земе предвид ставовите на наставниците, родителите и учениците.
- Училиштето повремено ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Има изготвено програма за стручно усовршување на вработените, вклучувајќи обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби, но со селективен пристап во нејзината реализација.
- Училиштето несистематски ги планира и обезбедува материјално-техничките средства. Дел од нагледните средства се нефункционални, а училиштето нема планирано средства за нивно оспособување и ставање во функција.
- Училиштето по потреба интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето.

**Извори на податоци:**

Самоевалуација и развоен план на училиштето; Акциски планови за постигање на поставените цели; План за следење и евалуација на реализацијата на Акциските планови; Записници од органите и телата; Интервјуа со директор, наставниците, родителите и учениците; Годишна програма за работа; План за професионален развој; Извештаи од интерната евалуацијата; Пописни листи; Финансиски план на училиштето; Увид во опремата; Увид во инфраструктурата; Апликации на училиштето за обезбедување на средства од локалната самоуправа, заедница, донатори и сл.

# Опис на мерила

| **Мерило:** | **Опис:** |
|---|---|
| ❋ Најголем број | ❋ Повеќе од 80% од вкупниот број |
| ❋ Поголем број | ❋ Повеќе од 60% од вкупниот број |
| ❋ Мал број | ❋ Под 30% од вкупниот број |
| ❋ Пропишан приод/процедура | ❋ Пишан документ кој е усвоен од органите на училиштето |
| ❋ Договорен приод/процедура | ❋ Усно договорен приод/процедура на седниците на органите и телата на училиштето |